ЕНЕРГЕТСКИ РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА САЛАТИ ........ 356

Дарко Андроников; Мерита Умети Лесковица ; Ацо Кузелов ........ 356

ОПШТИНА БЕРОВО, АТРАКТИВНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА СПЕЦИФИЧНИ ВИДОВИ ТУРИЗАМ ........ 363

Тања Ангелкова Петкова; Владимир Китанов ........ 363

ИНОВАЦИИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО ........ 371

Владимир Китанов, Тања Ангелкова Петкова ........ 371

КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈА, МОДЕЛИРАЊЕ И МЕНАЏМЕНТ НА ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ И ЗНАЕЊЕ ВО ТУРИСТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ........ 381

Бранко Николовски ........ 381

COMPUTERIZED BOOKING SYSTEMS: ICT READINESS CONTEXT FOR BALKAN COUNTRIES ........ 392

Žarko Rađenović ........ 392

DIGITAL TOURISM ........ 401
Dragan Vojinović[1]; Boris Brezo[2]; ........ 401
PREVALLA-BALKAN’S PEARL ........ 411
*Naser Bresa[1], Cane Kotecki[2], Zlatko Jakovlev[3]* ........ 411
КУЛТУРНА ДИПЛОМАТИЈА И КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ ЗА ВРЕМЕ НА СВЕТСКА ПАНДЕМИЈА ........ 417
Васко Шутаров[1] **Abstract** ........ 417
INTERNATIONAL TOURISM AND POLITICS ........ 428
Dimitar Dimitrov ........ 428

УДК 338.48-44(497.735)

# ОПШТИНА БЕРОВО, АТРАКТИВНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА СПЕЦИФИЧНИ ВИДОВИ ТУРИЗАМ

*Тања Ангелкова Петкова[1]; Владимир Китанов[2]*

## Апстракт

*The fact that the mass tourism, which in our conditions contains first of all use of "sun, water and beach", represents a form in need of constant upgrade with alternative. Because of that, there are more and more appearances of the selective types of tourism, which divide the touristic market on more segments of consumers, whose requests are getting more specific day by day.*
*The number of consumers that are motivated by the alternative types of tourism is increasing every day, and most present of all are tourists that have a will to actively spend their holiday, to relax, to have fun, to learn, to culturally rise and to create an opportunity to enlighten their personality through their touristic residence.*
*In Republic of Macedonia there are favourable conditions for growth for many alternative types of tourism. That is also the case with Berovo which abounds with expressed selection in this regard.*

Клучни зборови: *Alternative tourism, touristic destinations, Berovo*
ЈЕЛ класификација: *Z30, Z32, Z39*

## Вовед

Република Македонија е земја богата со природни вредности, кои придонесуваат за развој на масовниот туризам во земјата. Нормално сите овие природни вредности се основа и за многуте алтернативни форми на туризмот. За регионот на Берово е многу битно да се искористат природните и културно - социјалните вредности на овој простор. Туризмот овде се јавува како двигател кој може да ги соедини и да ги доведе во функционална употреба ресурсите и човековиот креативен труд. Туризмот може да оживее и да валоризира ваков регион и истовремено да донесе позитивни економски ефекти.

Регионот на Берово е подрачје кое е богато со изразити културни, природни и антропогени вредности кои придонесуваат за развој на туризмот. Преку нив доаѓа до израз алтернативниот туризам кој станува сѐ поинтересен за посетителите на овој регион.

Оттука, како главен предмет на истражувањето се токму алтернативните форми на туризам во овој регион кои во голема мерка можат да придонесат за поефективно и поефикасно насочување на активностите на туристичката понуда на овој регион. Преку согледувањето на различните туристички ресурси во регионот се доаѓа до дефинирање

[1]Tanja Angelkova Petkova, Professor, Faculty of tourism and business logistics – Gevgelia, University “Goce Delcev” – Shtip, e-mail: tanja.angelkova@ugd.edu.mk
[2]Vladimir Kitanov, Professor, Faculty of tourism and business logistics – Gevgelia, University “Goce Delcev” – Shtip, e-mail: vladimir.kitanov@ugd.edu.mk

на сите селективни видови туризам кои може да доминираат во овој предел. Со определување на селективните видови туризам и нивна валоризација, ќе се подигне свеста на рецептивното население и тоа ќе биде мотивирано за правилно менаџирање и искористување на истите.

Кога се прави анализа на ваков регион, во зависност од неговата местоположба, како и ресурсите кои ги поседува, може да се истакне дека потенцијалите ќе бидат забележителни. Потребна е детална обработка на регионот и откривање на вистинските потенцијални вредности. Тие ја артикулираат развојноста на повеќе алтернативни форми на туризмот.

**Природни туристички атрактивности во регионот на Берово**

Под природни вредности подразбираме природни фактори кои се атракција за туристите и основа за сите туристички движења. Туристите сакаат да посетуваат нови места, за коишто се убедени дека таму ќе поминат убаво време кое ќе им остави убави спомени. Затоа, особено е значајно да се пронајдат природните вредности, а потоа истите да се промовираат, за потенцијалните туристи да сознаат за нив.

Географската положба, релјефните, климатските, хидрографските и биогеографските вредности, претставуваат изразити туристички атрактивности. Поволната географска положба и поволните климатски услови (температура, врнежи, траење на сончев сјај, облачност, влажност на воздух и ветрови) претставуваат едни од многу важните и значајни фактори кои овозможуваат солидни преродби за туристичка експанзија на современите „номади“.

Планинската географска средина ги поседува најразновидните елементи на туристичките вредности и понуда. Може да се каже дека кај нас сè уште незагадените и со чиста еколошка средина, со чист планински воздух, оживотворени со хидрографски: реки, езера (природни и вештачки), релјефни форми на растителен и животински свет, секако се многу интересни и атрактивни за туристите.

Шареноликоста на пејзажот е секако многу значаен предизвик во насоката – можности за развој на туризмот. Сите овие набројани природни вредности ги има и го прават регионот на Берово и Малешевијата атрактивен.

**Традиционални занаети**

Во регионот сè уште се негуваат и практикуваат традиционалните занаети: копаничарство, кујунџиство, ковачкиот занает и папукчиство. Можете да видите како се изработуваат секаков вид на икони во византиска техника, комплетна иконографија, фрескопис и иконостаси од дрво. Копаничарите од Малешевскиот регион се познати и по квалитетната изработка на секаков вид резба – плитка, длабока, поткопана, ажурна и скулптурна, како и по раскошните декоративни елементи за ентериери.

Кујунџиството како занает бил неразделен дел од секојдневниот живот на Малешевци. Кујунџиите, за да им олеснат на домаќините, оделе од село во село и ги калаисувале бакарните садови. Папучиствоето (чевларството) е занает со длабоки корени во Малешевијата. Сè уште има наследници на првите папучии во Берово, кои што доследно

на нивните предци изработуваат и поправаат чевли за населението. Следењето на старите технологии и користењето на современите инструменти се користат за создавање на огромна разновидност од раскошни производи со карактеристики на поголемиот број занаети во Малешевијата. Кујунџиството и златарството како занаети биле неразделен дел од секојдневниот живот на Малешевци.

Жените како чувари на традицијата сè уште со голем ентузијазам ја обработуваат волната од овци и кози и изработуваат облека и јамболии, килими, пешкири, черги и др., во техники на ткаење, предење, плетење и везење.

Филцот е современа техника, но во Малешевијата е позната од многу одамна како правење на „калчини“ (потколеници и елеци за комитите). Потребата од заеднички настап ги испровоцира обработувачите на волна да се организираат и здружат во граѓански здруженија кои работат успешно и, освен уживањето, во своето хоби пронаоѓаат и економски интерес. Во општината постојат две активни организации на ова поле „Серафим“- Берово и „Ракотворби“, с.Русиново.

За заживување на ковачкиот занает и вметнување и промовирање на изработките во современото живеење, во Берово функционира и невладина организација која успева да ги вклопи традиционалното и потребата на современиот човек со вештите раце на ковачите кои освен вообичаените алати за работење (копачи, секири, лопати, рала...) изработуваат предмети кои наоѓаат примена во секојдневниот живот.

## Народна носија песни и игри (ора)

Облеката којашто се носела во минатото денес е голема туристичка атракција. Интересниот дизајн, шаренила од бои, заедно со народните ора и песни, се еден белег кој кај секого остава трага. Народната носија претставува таква етнолошка вредност која побудува значаен интерес кај туристите. Атрактивноста во туристичка смисла, кај народната носија е содржана пред сè во естетските карактеристики. Усогласеноста на бројните елементи кои народната носија ги поседува, ја изразуваат нејзината убавина (Мариноски, 2001).

## Атракции и манифестации во регионот како туристички мотиви

Атракциите се една од најважните компоненти во туристичкиот систем. Тие се главна мотивација за туристички патувања и се јадрото на туристичкиот производ. Манифестациските туристички мотиви претставуваат мошне атрактивен сегмент во туристичката понуда на Македонија. Со својот квалитет претставуваат едни од најзначајните фактори во развојот на туризмот. Манифестациите се јавуваат како основен туристички мотив, но често имаат и комплементарни карактеристики во туристичката понуда на овој простор (Мариноски, 2001).

Во Малешевскиот регион сè уште се негуваат и практикуваат традиционалните манифестации и настани кои го збогатуваат асортиманот на можностите за развој на туризмот и привлекување како на домашни, така и на странски туристи.

Културата и традицијата се богатство на народите, а нивната промоција е најмоќното средство за комуникација што магнетски ги привлекува луѓето да ги видат, слушнат и

доживеат вибрациите на овие безвременски категории, без разлика на припадност, земја и континент. Единствените маски, уникатната носија, хуморот, смеата и шегата, печалбарските песни, љубовта опеана низ вековите, традиционалните и модерни музички стилови, саеми и дегустации на производи, современи егзибиции, се малиот дел од мозаикот на Берово и Малешевијата.

Табела 1: *Календар на настани и манифестации во регионот на Берово*

| **Манифестација** | **Месец на одржување** | **Локација** | **Содржина** |
|---|---|---|---|
| Ратевски карневал „Бамбурци“ | 20 јануари | с.Ратево | културно-забавна |
| Избор на најцврсто и најубаво декорирано јајце-Велигден | март/април | Берово | културно-забавна |
| Илинден „Вршник“ | 2 август | с.Русиново | културно-забавна |
| Ликовна колонија | 10 – 18август | Берово | културна |
| Ден на општината | 23 август | Берово | културно-забавна |
| Меѓународен фолклорен фестивал „Малешевски фолклорни средби“ | 23 – 28 август | Берово | културно-забавна |
| Етно Плоштад фестивал – меѓународен етно фестивал | 24 – 28 август | Берово | културно-забавна изложбено- продажна гастрономска |
| Малешевијата на дланка | | | |
| Успение на Пресвета Богородица | 28 август | Берово | религиозна |
| Меѓународно рели со теренски возила | октомври | м.Шушлевец Берово | авантуристичка |
| Денот на компирот во Малешевијата | 11 октомври | Берово | Изложбено-продажна |
| Поход од с.Русиново до Петлец | декември | с.Русиново – врв Петлец | авантуристичка |

Развојот на туризмот во општина Берово во многу голема мерка е поврзан со активностите во областа на културата и организација на културни настани.

Гастрономијата и туризмот се неодвоиво поврзани. Секој турист сака да истражува вкусови кои се различни од вкусовите кои може да ги вкуси во својата средина. Автентичната и органски произведена храна, како и пијалаците, претставуваат значаен сегмент на секој туристички производ кои влијаат за развојот на туристичката дестинација. За жал, тие во Македонија не се доволно валоризирани и затоа автентичната храна и пијалаци не се користат како компаративна предност. Гастрономскиот туризам претставува дел од културниот туризам, каде преку храната се истражува и открива културата и историјата на одредена средина. Значењето на автентичните, специфичните и органски производи е големо и може да придонесе за развој како на туризмот, така и на земјоделието, индустријата на храна и многу други гранки, со еден збор да придонесе за економски развој. Гастрономскиот туризам се разликува од агро-туризмот бидејќи претставува подгрупа на културниот туризам, а агро-туризмот е подзбир на селскиот, но и на гастрономскиот туризам. Во секој случај, гастрономскиот и агро-туризмот се нераскинливо поврзани.

Македонија, а и регионот на Берово располагаат со низа специфични и автентични јадења за чија подготовка се користат автентични или органски одгледани билки и животни. Гастрономскиот туризам директно или индиректно го поттикнува развојот на земјоделието и на економијата.

Овде постојат многу автентични полновредни и здравствено безбедни гастрономски производи кои успешно можат да се пласираат на туристичкиот пазар. Во креирањето, обликувањето, развојот и организација на гастрономските потенцијали на овој регион мораат да учествуваат како институциите, така и сите туристички субјекти. Неопходно е да се направи мапирање на производите, нивна заштита и промоција. Исто така, неопходна е едукација во насока на развој на гастрономскиот туризам.

## Проекции за развој на туризмот во регионот

Општина Берово како дел од Источна Македонија низ кој тече реката Брегалница и кој изобилува со уникатна природа, има идеални услови за развој на многу алтернативни форми на туризам. Општината Берово со своите рурални населби се одличен магнет за туристи. Уникатни и полни со атрактивност, тие формираат сплет од алтернативни форми на туризам кој може да се продава како готов туристички производ. Оваа општина е една од водечките во Брегалничкиот регион во промоција на потенцијалите за развој на туризмот. Општината има подготвени стратешки документи и урбанистички планови како основа за развој на туризмот.

Во Стратегијата за одржлив развој на Општина Берово (2006-2011год.) и Акциониот план за имплементација, развојот на туризмот е една од стратешките цели. Соодветно на тоа, дефинирани се конкретни акциони чекори за остварување на оваа цел. Во 2005год., во соработка со Здружението на инженери за заштита на животната средина на Р. М. изработена е Стратегија за развој на ЕКО туризмот во Општина Берово, од која голем дел од предвидените активности веќе се реализирани. Во 2008год. усвоена е под Стратегија за рурален развој на Општина Берово, каде се дефинирани потенцијалите за развој на рурален туризам и се разработени конкретни акции. Општина Берово е дел од Националната стратегија за развој на туризмот, особено во делот на развој на алтернативен туризам.

Во периодот од 2005-2009 год., подготвени се Детални урбанистички планови за туристичките населби Суви Лаки и Беровско Езеро, кои се основа за понатамошниот одржлив развој на овие туристички локалитети.

Во 2008 год., подготвена е физибилити студија за парк на природата во Општина Берово, каде се дефинирани специфичните природни вредности во општината и начините на нивна заштита и промоција.

За промоција на локалните потенцијали за развој на туризмот и специфичните локални производи, од 2005год., во општина Берово функционира Туристички информативен пункт, преку кој се иницира подготовка на пакет на промотивни материјали– мултимедијално ЦД, брошури, туристички мапи кои, за жал, денес не е во функција.

Во Општина Берово има маркирано пет пешачки патеки кои се дел од Балканската трансферзала за планинарење и се објевени во Националната мапа за планински патеки,

како и во посебна мапа за Општина Берово. Во 2008-2009 год., ажурирани се и збогатени печатените материјали со брошурите „10 причини зошто да го посетите Берово", „Категоризирани приватни сместувачки капацитети", Туристички водич за Општина Берово, мултумедијално ЦД за туристичка промоција и постери. Во 2008год., промовиран е документарен филм за Туристичките потенцијали на Берово и Малешевијата, кој е преведен на англиски и француски јазик и наменет е за меѓународна промоција.

За промоција на културното наследство, Општина Берово има подготвено календар на културни настани, кој е публикуван во печатените материјали, како и на веб страната на општината. Берово е домаќин на Меѓународниот саем на традиционални производи „Малешевијата на дланка", кој се одржува на 26-28 август, по повод христијанскиот празник Успение на Пресвета Богородица. Оваа манифестација почнала како локален настан, продложена на регионално ниво, а од 2005 год. има меѓународен карактер и веќе е афирмирана како препознатлив туристички продукт за промоција на туристичките потенцијали и специфичните традиционални производи. Во последната недела од август се одржува и манифестацијата Малешевски фолклорни средби, како дел од Беровско културно лето. „Бамбурци" е специфичен обичај во с.Ратево кој традиционално се одржува во јануари и добива на масовност. Од 2008год., за промоција на еден од специфичните локални производи– компирот, во октомври Берово е организатор на настанот Денови на малешевскиот компир.

Како резултат на специфичните вредности, Општина Берово и регионот, веќе се дел од маршутите на странските туристи кои престојуваат во Берово 2-4 дена и претежно се заинтересирани за традиционалните вредности и природните убавини. Во поглед на иницирање на регионалната соработка за заедничка промоција, се активира процесот на брендирање на Малешевско-Пијанечкиот регион, во соработка со општините Пехчево и Делчево. Брендот Малеш има за цел да ги заштити и промовира специфичните регионални производи и туристички услуги. Општината Берово донесе и Стратегија за локален економски развој за периодот од 2014 – 2019 година, каде развој на туризмот и неговиот одржлив развој се дел од акциониот план во неа. Можностите кои се јавуваат за развој на туризмот во општина Берово и Малешевијата детално се анализирани и разработени во Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион, и како такви добро ја објаснуваат и проекцијата за развој на алтернативните форми на туризам.

Развојот на алтернативните форми на туризам се од големо значење. Секое делче од овој предел нуди своја алтернативна форма на туризам. Со малку поголемо ангажирање и максимално искористување на тоа што природата го нуди и човекот го создал, различните форми на туризам ќе станат препознатлив бренд за регионот на Берово и Малешевијата. Силните страни на овој дел од Македонија се само доказ дека селективниот туризам може да ја има доминантната улога во туристичката понуда. Убавата местоположба, богатата историја и културно наследство, природните вредности, традицијата, предводени од образован и стручен кадар ќе придонесат за лесен тек на работата.

## Заклучок

Туризмот како појава во регионот на Берово и Малешевијата, со интензивно темпо, полека но сигурно се развива. Идните перспективи би биле трансформација на регионот

во профитабилна бизнис гранка. Тоа би бил огромен придонес кон равивање на многу селективни видови на туризам во регионот.

Со дефинирањето на селективните видови туризам, овозможена е јасна слика и определба на туристичка понуда со која би можеле да излеземе стабилни на туристичкиот пазар. Она што регионот на Берово го нуди како ресурс, преку негово согледување, се дојде до јасно образложение за појавите на селективен туризам во овој регион.

Регионот на Берово изобилува со природни вредности, со кои, врз основа на нивно разумно користење и правилно искористување ќе се придонесе за поставување на темели за постојан развој на туризмот. Малешевските Планини претставуваат реткост и непроценливо богатство исполнето со богата флора и фауна кои го разубавуваат овој регион. Одлични места за задоволување на потребите на туристите претставуваат реката Брегалница и нејзините притоки, потоа акумулационото Беровско Езеро кои создаваат поле од хидрографски вредности.

Она по што најмногу се издвојува регионот на Берово се значајните антропогените вредности, кои се чуваат и негуваат со векови. Туристите кои ја негуваат историјата и практикуваат ваков вид на туризам би биле воодушевени. Христијанството како доминантна религија во регионот и големиот број на цркви и манастири, секој поединец кој што бара мир и е следбеник на оваа религија, би уживал во прекрасните храмови. Големиот број споменици на културата придонесуваат забрзано да се развива културниот туризам. Културниот туризам ги заштитува историските, културните и природните ресурси во локалните заедници-руралните средини и градовите. Локалното население се мотивира да ги чува заедничките ресурси и добро да се грижат за нив. Се запознава со локалната историја и традициите, станува поинформирано, што понатаму може да го сподели со туристите.

Регионот на Берово засега поседува задоволителен број угостителски објекти од кои: хотели, одморалиште, домови, вили, ресторани, кои мора да работат на подобрување на услугата. Доколку би дошло до континуиран раст на приливот на туристи, би било потребно отворање на нови објекти. Со зголемување на туристичката понуда, нормално би дошло и до зголемување на бројот на туристи. Ако пак се следи трендот на раст и развој на туризмот, работата на угостителските капацитети би била постојана и со добра заработувачка.

Потребна е популаризација и промоција за идните потенцијални туристи да се запознаат со убавините и реткостите на самиот регион. Досегашниот развој на туризмот има голем придонес за вкупниот развој во регионот на Берово. Отворени се луксузни и традиционални угостителски објекти. Населението активно, но делумно, учествува во подобрување на условите за развој на туризмот. Полека се отвораат нови работни места кои би придонеле за подобра економска стабилност во регионот.

Растот и одржливиот развој на туризмот во регионот би требало да го засега секој оној кој што живее на овој простор. Доколку сите страни засегнати од туризмот заеднички дејствуваат, тогаш задоволството ќе е поголемо. Само со заедничко и синхронизирано планирање и имплементација на проектите за развој на туризмот, како и на целокупниот одржлив развој на локалната заедница, можеме да сметаме на бенефиции за сите.

## Референци

1. Angelkova, T. (2010). *Specifični oblici povezivanja turizma i poljoprivrede na Staroj Planini*, University Singidunum, Belgrade, Serbia.
2. Angelkova, T. (2012). *Uloga specifičnih vidova turizma u revitalizaciji pograničnih područja između Srbije i Makedonije*, University Singidunum, Belgrade, Serbia.
3. Angelkova, T., Dzordzevic, M. S., Ristova, C. (2018). *The development of agro-tourism in the Northeastern Macedonia - From hospitality to tourist activities.* LAP - Lambert Academic Publishing, Germany . ISBN 978-613-9-85004-4
4. Dimitrov, N., Angelkova, T. (2014). *Менаџмент на туристички дестинации.* Самостоен издавач, Битола. ISBN 978-608-65616-2-8
5. Hall, D., Brown, F. (2000). *Tourism in peripheral areas*, Channel View, Clevedon
6. Мариноски, Н. (2001). *Туристичка географија* на РМ, ФТУ - Охрид
7. Мариноски, Н. (2006). *Туристичка географија*, ФТУ-Охрид
8. Методијески, Д., Димитров., Н. (2013). *Рурален Туризам*, УГД, ФТБЛ-Штип
9. *Подстратегија за рурален развој на општина Берово* (2008 – 2013)
10. *Стратегија за локален економски развој на општина Берово* (2014-2019)
11. *Стратегија за развој на еко туризмот во Берово* (2005), општина Берово
12. Ташков, Н., Методијески, Д. (2014). *Термален Туризам*, УГД,ФТБЛ-Штип
13. *Туристички акционен план на регионот Малеш – Пијанец* (2008)
14. Штетиќ, С. (2007). *Туристичка географија*, Селектор, Скопје

**Веб страници:**

1. Официјален веб портал на општина Берово: http://berovo.gov.mk/
2. http://visitberovo.mk/
3. https://berovobooking.com.mk/
4. http://maleshmountain.eu/index.php/mk/berovo
5. http://maleshnet.mk/
6. http://www.365.4d.mk/
7. https://issuu.com/goran_dimitrovski/docs/pijanec_i_males.pdf/11